Иако понекогаш абортусот изгледа како привлечна понуда за безбедно и брзо решение на твојот проблем, сепак тој не е временска машина која може да те врати во времето пред да забремениш.

Ти имаш неколку опции на располагање. Било да одлучиш да абортираш, да бидеш родител на детето или да го дадеш на посвојување, секоја од овие опции носи последици кои ќе бидат присутни низ целиот твој живот.

*Не донесувај избрзана одлука*

***Избери живот!***



Со непланирана бременост се соочив кога имав 18 год. Бев исплашена , несигурна . неспремна, но и свесна дека во себе носам друг живот. Не беше секогаш лесно, но навистина вредеше. Денес имам 14 годишна ќерка и прекрасен осмислен живот. Една правилно донесена одлука секогаш води кон добар исход. Едно дете не може да биде грешка, без разлика во какви околности е зачнато. Детето е благослов, прекрасен подарок од Бога. Можеби не успевав секогаш да и дадам се што ќе посакаше, но и дадов нешто што никој друг не можеше - и дадов живот!

Даниела Ј.



**Центар за советување и помош на жени**
**“Лидија – Срце што Чука”**


Ванчо Прќе 62/5
Штип

070 231 787
070 231 797
S.O.S. 070 231 807
032 606 797

lidijastip@gmail.com
www.lidija.com.mk
www.facebook.com/LidijaSrceStoCuka


# *Избери Живот*



***Имаш потреба да зборуваш со некого?***

***Ние сме овде за да те сослушаме....***

Центар за советување и помош на жени „ЛИДИЈА-Срце што чука“

# Бремена сум, што сега?

Непланираната бременост може да биде многу стресна, трауматична и збунувачка состојба, затоа и одлуката која треба да биде донесена, не треба да биде избрзана и импулсивна. Таа треба да биде базирана на знаење, а не на стрес, страв и збунетост.

Во недостаток на информации, на многу жени, абортусот им изгледа како единствено решение.

Некои доктори за абортусот велат дека е рутински зафат при кој отстрануваат "парче ткиво". Но многу жени на кои им било кажано ова,после абортусот се соочиле со лавина од негативни емоции и чувство на жалење, празнина, депресија, вина и желба да го вратат времето назад.

Ако денес размислуваш за абортус, треба да знаеш дека

***Не постои сигурен и безбеден абортус.***

***На бремената жена и е потребна подршка, не абортус!***

# Кога всушност започнува животот?

Многу малку жени, соочени со непланирана бременост, знаат за чудесниот развој на животот кој расте и се развива во нивната утроба.

Медицината и науката ни даваат одговор на ова прашање.



***Научно е сосема исправно да се каже дека животот започнува при зачнувањето.***

Во моментот кога сперматозоидот и јајце клетката ќе се соединат, започнува нов живот. Во моментот на зачнувањето, сите карактеристики на бебето, вклучувајќи го полот, бојата на коста, бојата на очите, се одредени.

Помеѓу **петтиот и деветиот** ден, новото човечко суштество се прицврстува во ѕидот на матката заради сигурност и исхрана.



**18 ден** - се формира срцето и очите

**21ден** - срцето чука и пумпа крв низ телото



**28 ден** – му растат раце и нозе

**5 недела** – Во овој период се развива носната празнина,мозокот и цревата. Се развиваат и белодробните крила.

**8 недела** – рацете и нозете се скоро совршено обликувани, бебето е долго 3-3.5 см.

**9 недела** - ја стегадланката и го цица палецот



**10 недела** – Формирани се сите органи кои и понатаму ќе растат и ќе се доразвијат до породувањето. Бебето трепка, голта и се мршти. Реагира на дразби и веројатно чувствува болка. И покрај тоа, абортусот кој се врши во овој стадиум се нарекува "ран абортус".

**11 недела** – бебето уринира

**12 недела** – клоца, се превртува, ги свиткува зглобовите, ја отвара устата, го цица палецот.



